Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-16/4
Датум: 01-03-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-16 од 03.01.2021 година, поднесена од страна на [redacted], против [redacted] од Скопје, [redacted] Скопје, за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет на социјални медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 01.03.2022 го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол, род и сексуална ориентација на социјални медиуми од страна на [redacted] од Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број бр. 0801-16 од 03.01.2021 година, од подносителот [redacted], против [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] Скопје, за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет на социјални медиуми.

Согласно наводите од претставката, лицето [redacted] на ден 02.01.2021 од својот кориснички профил на социјалната мрежа Фејсбук во јавноста ширел вознемирувачки говор со пишан текст *"УЧЕТЕ ГИ ВАШИТЕ МОМЧИЊА ДА БИДАТ МАЖИ ПРЕД ВАШИТЕ НЕПРИЈАТЕЛИ ДА ГИ НАУЧАТ ДА БИДАТ ЖЕНИ"* и фотографија на две деца. За ваквите наводи подносителот достави печатени докази и интернет линк од споделената објава.

Имајќи ги во предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во два наврати на 10.01.2022 и 15.02.2022 година испрати Известувања за произнесување кон наводите од претставката до [redacted].

Видно од поштенските повратници, потенцијалниот дискриминатор во двата наврати бил известен за известувањата за произнесување кон наводите од претставката, но истите не ги подигнал од пошта, со што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека потенцијалниот дискриминатор бил уредно известен за претставката против него. Во законски предвидениот рок од чл. 24, ст. 7, [redacted] не достави поднесок за произнесување, па Комисијата за спречување и заштита од

дискриминација во изготвувањето на ова мислење ги зеде предвид само наводите од претставката на подносителот.

Од наводите во претставката и доказите кон неа може да се заклучи дека лицето [redacted] на својот Фејсбук профил со корисничко име [redacted], објавил текст со цитираната содржина и фотографија на две деца. На објавата има повеќе коментари кои содржат вознемирувачка содржина кон жените и ЛГБТИ+ лицата врз основа на пол, род и сексуална ориентација. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека содржината на текстот самата по себе не претставува вознемирување во смисла на чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, меѓутоа овозможувањето на вознемирувачки коментари под објавата претставува повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација во смисла на чл. 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Слободата на говор и изразување е фундаментално право на секој човек и е гарантирано со Уставот на Република Северна Македонија. Сепак, злоупотребувањето на слободата на говор преку понижување и вознемирувањето на група лица врз одредена заштитна карактеристика може да премине во говор на омраза. Говорот на омраза со текот на времето може да премине и во дела од омраза што креира застрашувачка и неподнослива средина за сите припадници на одредена група без разлика дали некој е индивидуално жртва на одреден настан или не. Во оваа насока, општествениот проблем кој го предизвикува говорот на омраза мора навремено да биде санкциониран од надлежните органи како превентивен механизам што ќе ги адресира сите слични содржини на социјалните медиуми. Комисијата за спречување и заштита и дискриминација, работи во согласност со надлежностите утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација но при својата работа многу често, ја зема во предвид и меѓународната пракса. Европскиот суд за човекови права во случајот Beizaras and Levickas v. Lithuania, жалба бр. 41288/15, во кој меѓу другото се работи и за хомофобични коментари на социјални мрежи под објава, одлучил дека ваквите коментари мора да бидат санкционирани во демократско општество. Судот цени дека дури и еден коментар со омраза под објава на социјална мрежа е доволно за истиот да се сфати сериозно, доколку објавата има голема видливост онлајн, како во случајот.

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ја избрише вознемирувачката објава од својот Фејсбук профил, со која се врши повикување, поттикнување и инструкција за

дискриминација кон ЛГБТИ+ лицата и жените, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] јавно да се извини за споделувањето на вознемирувачката објава на својот Фејсбук профил, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржува од објавување вознемирувачки содржини на својот Фејсбук профил по било која дискриминаторска основа.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
01.03.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

1. [redacted]
2. [redacted]